# ДЕТАЛНИ ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Февруари 2010 година

- Во Законот за јавните набавки (ЗЈН) да се вградат прекршочни одредби, каква што е практиката во повеќето држави од регионот и пошироко - Да се воведат правни механизми, пред се санкции, кои би се изрекувале против ДО кои не ги почитуваат обврските што произлегуваат од ЗЈН (на пример за објавување на известување за склучен договор за јавна набавка). Санкциите може да ги опфатат и органите кои во текот на контролата на постапката не соработуваат меѓусебно, односно не ги доставуваат бараните информации и не постапуваат во согласност со своите надлежности во одреден рок.

- Во ЗЈН да се изврши попрецизно дефинирање на условите под кои може да се поништи постапката и да се воведе обврска за објаснување и аргументирање на неприфатливоста на понудите - Треба да се стесни широко поставената законска рамка за поништување на постапката за јавна набавка. За да се зголеми процентот на успешни постапки за јавни набавки треба да се размисли и за воведување на контроли на основаноста при поништување на постапките и санкции за членовите на комисиите ако се утврдат субјективни пропусти.

- Во ЗЈН треба да се определи рок за донесување одлука за избор или за поништување, кој ќе започне да тече од моментот на јавното отворање - Заради поголема брзина и ефикасност на постапката, како и со цел економските оператори да не бидат во неизвесност и со врзани финансиски средства, треба да се определи законски рок за донесување на одлука. Тој може да биде различен, во зависност од вредноста на постапката или од бројот на понудувачите.

- ДО да ја почитуваат законската обврска за испраќање на образложени известувања до учесниците во постапката, цел за која може да се пропише унифициран образец за известување со детален приказ на начинот на евалуација и на донесената одлука - Оваа препорака треба да ја применуваат ДО кога до учесниците во постапката ја испраќаат одлуката за избор или за поништување на постапката. На тој начин ќе се добие појасна слика зошто одредена понуда е отфрлена или не е избрана за најповолна. Ако не е возможно испраќање на извештајот од спроведена постапка, тогаш да се размисли за пропишување на образец за известување, во кој детално ќе се прикаже начинот на евалуација.

- Да се дополни методологијата за изразување на критериумите во бодови што ја изготвува Министерството за финансии или, пак, БЈН да изработи водич или препораки за избор на критериумите за избор на најповолна понуда - со ова ќе се постигне намалување на сегашната практика на избор на несоодветни манипулативни критериуми и елементи и неунифицираност при набавка на еден ист предмет од различни ДО. Овие правила или препораки треба да утврдат подетален начин на бодување на субјективните критериуми, сè со цел да се намали субјективноста.

- Одредени критериуми да не бидат предмет на бодување, туку да бидат услов за учество - Оваа препорака се однесува на ДО кои треба да престанат во групата на критериуми што се бодуваат да ги ставаат оние елементи кои би можело и би требало да се формален услов за учество или критериум за утврдување на способноста на ЕО (референтна листа, гаранција, рок на испорака и сл.).

- ДО да посветуваат повеќе внимание и време при изработка на тендерската документација, пред сè на техничката спецификација, а БЈН да изготви унифицирани обрасци за одредени предмети на набавка - Оваа препорака пред се треба да ја применуваат и се однесува на ДО, но и на БЈН, кое може да изработи стандардизирани обрасци на технички спецификации за одредени предмети на набавка, со цел да се унифицираат описите на тие предмети до онаа мера до која е тоа возможно.

- ДО треба да ги објавуваат тендерските документации на своите вебстраници или на веб-страницата на ЕСЈН - Оваа препорака ДО треба почесто да ја применуваат, но доколку нема практичен ефект, предлагаме да биде пропишана законска обврска за задолжително објавување на ендерската документација на интернет страница. Преку ова ќе се возможи скратување на постапките, побрз увид и пристап до тендерската документација за заинтересираните ЕО, за пошироката јавност, но и за другите ДО.

- Намалување на практиката на наплаќање надомест за преземање тендерска документација - Оваа препорака ДО треба почесто да ја применуваат, но доколку нема практичен ефект, предлагаме постоечката одредба во ЗЈН да биде дополнета со утврдување на максималниот износ што може да се наплаќа за преземањето тендерска документација.

- Висината на банкарската гаранција да не се определува секогаш на максималните 3% од вредноста на понудата - Оваа препорака ДО треба почесто да ја применуваат, при што банкарската гаранција да не ја поставуваат како формален услов за учество во речиси секоја можна постапка.

- ДО почесто да го користат ЕСЈН, како систем кој овозможува остварување на основните принципи во јавните набавки - Досега вложените средства во развивање и имплементација на ЕСЈН треба да се оправдаат со негово зголемено користење, што ќе придонесе да се почувствуваат предностите кои ги нуди: брзина, ефикасност, транспарентност. Воедно, потсетуваме на законската обврска во 2010 година 30% од планираните средства за јавни набавки да се доделат преку спроведување на е-аукција.

- БЈН треба да изврши анализа на опфатноста, законската целесообразност, транспарентноста и конкурентноста и, ако оцени дека е тоа опортуно, да предложи намалување на флексибилноста за користење на постапките со преговарање, а одредени видови неприоритетни услуги, врз кои практиката покажува дека е можно да се применат правилата за јавни набавки, да се исфрлат од оваа група - БЈН треба да воспостави механизам за следење на постапките со преговарање, а самите ДО кои ги спроведуваат овие постапки да го известуваат БЈН за текот на постапката до склучувањето на договорот.

- БЈН да се вклучи во контрола на законитоста на постапките за јавни набавки - Улогата на БЈН треба да се зајакне со вградување на соодветни одредби во ЗЈН, со кои БЈН ќе се овласти да врши надзор над процесот на јавни набавки, односно да издава обврзувачки мислења до ДО. БЈН треба да се овласти да изрекува мерки за запирање на постапката до отстранување на одредени констатирани недостатоци во постапката за јавни набавки, и тоа во фазата до донесување на одлуката за избор на најповолна понуда.

- Треба да се пропишат правила што ќе ја регулираат фазата на реализација а склучените договори за јавна набавка во оваа фаза, поради правната празнина, често се констатираат злоупотреби. Во таа насока, треба да се прецизираат надлежностите на сите државни органи кои во моментов имаат одредени (недоречени) надлежности во контролата на јавните набавки, а пред се на ДЗР и на Државното правобранителство.

- Треба да се предвиди посебен тип ревизија на јавните набавки - Оваа ревизија ќе ја применуваат државните ревизори, што воедно ќе значи и потреба од потесна специјализација на одреден број државни ревизори за јавните набавки. Неопходна е и специјализација на обвинители кои би постапувале само по предмети кои произлегуваат од ревизорските извештаи, како и вработување на економисти, сметководители и други експерти од областа на финансиите во Јавното обвинителство, што ќе ја олесни и ќе ја забрза постапката по извештаите на ДЗР.

- Извештаите на БЈН за системот за јавните набавки посеопфатно да ги анализираат и да ги коментираат сите елементи на јавните набавки - обработката на податоците кои БЈН ги прибира и ги презентира во годишните и во полугодишните извештаи да не биде само квантитативна анализа (збир на статистички податоци), туку и анализа за квалитетот и динамиката на реализацијата на јавните набавки, односно тие треба да вклучат анализи, оценки, коментари, наоди, заклучоци и препораки во врска со ефикасноста, економичноста и ефективноста на јавните набавки во РМ.

- ДО треба да обезбедат континуитет во работата на лицата кои поминале соодветни обуки во областа на јавните набавки - одговорното лице во ДО да не ги менува лицата кои веќе поминале обуки во областа на јавните набавки и кои имаат повеќегодишно искуство во нивната практична примена, односно лицата кои на некој начин се специјализирале во оваа област.

- ДКЖЈН треба да продолжи да ги објавува решенијата по жалби на својата веб-страница и да дава детални образложенија за своите одлуки - Оваа законска обврска, која ДКЖЈН престана да ја следи, да се применува доследно, со објавување на решенијата по секоја седница на која се носат решенија.

- Во ЗЈН да се пропише дека ДКЖЈН по службена должност ќе ги поништува обжалените постапки во кои ДО не ја доставиле бараната документација Со воведување на оваа одредба ќе се дисциплинираат ДО кои не го почитуваат законскиот рок од 5 дена за доставување на списите од предметот (обжалената постапка) и ќе се префрли товарот на иницирање на оваа мерка од жалителот кон ДКЖЈН, која има подобар увид дали ДО го запазува рокот.